ССОУ „Коле Неделковски“
ул. „Андон Шурков“ 4а
1400 Велес
www.kolenedelkovski.edu.mk

тел/факс: 389 43 235 086
централа: 389 43 231 446
e-mail: kolenedelkovski@yahoo.com
facebook ssoukolenedelkovski

## КОДЕКС ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ПРИ РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА СО ФИЗИЧКО ПРИСУСТВО

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО СТРУЧНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
КОЛЕ НЕДЕЛКОВСКИ
Бр. 03-593
14. 09. 2020 год.
ВЕЛЕС

### 1.Основни норми и начела

- Ученикот во ССОУ„Коле Неделковски“-Велес треба да има јасна слика за својата положба и улога во училиштето, да ги знае своите права и одговорности и да се прилагодува на новите барања согласно Планот и Протоколите за реализација на воспитно- образовниот процес во учебнта 2020/2021.
- Училиштето преку воспитно-образовната работа која опфаќа настава и други облици на организирана работа со ученици ќе им овозможи на учениците стекнување општи и применливи знаења што се потребни во секојдневниот живот за хармоничен, интелектуален, емоционален и социјален развој на учениците соодветно со нивните способности
- Учениците доаѓаат на настава со физичко присуство согласно Распоредот за влегување и излегување
- Задолжително е носење на заштитна маска/прекривка на лицето од страна на учениците
- Учениците задолжитително треба да ја почитуваат мерката за физичка дистанца од најмалку 1,5 метри при реализација на наставата со физичко присуство
- Се движи по дефинирани патеки
- Седи на место предвидено за него (реден бр. или по др. редослед)
- Сите потреби од административен карактер учениците ги остваруваат преку класните раководители
- Должност е на сите ученици за време на одморите да ги почитуваат мерките за заштита од КОВИД 19 и да внимаваат на хигиената во тоалетните простории, ходниците во училиштето и во училишниот двор (отпадоци, отпушоци да бидат фрлани во соодветни корпи за отпадоци)
- Задолжително е носење картички за обележување и идентификација
- Со своето совесно и коректно однесување придонесува за дисциплината на часот
- Има слобода во изразувањето без притоа да ја повреди личноста на наставникот и на своите соученици
- Не вклучува и користи мобилен телефон или уреди со слична технологија
- Не влегува на часот и не го напушта часот без дозвола на наставникот
- Коректно и одговорно се однесува кон личноста на наставникот и своите соученици
- За време на писмени работи, тестови, испити се однесува коректно и чесно
- Носи потребен прибор и материјали за полна подготвеност на часот
- совесно и одговорно се однесува кон училишниот имот и материјалните добра во и надвор од него (не уништува, не крши, не испишува графити или натписи со слични содржини)

- достоинствено и пристојно се однесува кон другите ученици и персоналот на училиштето

**Однесување на ученикот во работилниците во училиштето и работилниците на социјалните партнери**

- внимава на целокупната опрема во работилницата
- нема пристап до супстанци, уреди или др. апаратура без дозвола на наставникот
- се грижи за хигиената во работилницата и по завршеток на активностите го средува работното место
- не користи запалки и друг вид на запаливи и токсични материјали
- внимателно го истура отпадот на места предвидени, според стандарди, за тоа
- внимателно следи инструкции од наставникот за време на работењето во работилниците
- задолжително носи работна облека

**Завршни одредби**

- Секој ученик се обврзува да го почитува и спроведува Кодексот на однесување на учениците.

- За непочитување на овој Кодекс на ученикот може да му се изречат педагошки меки согласно Законот за средно образование, Статутот на училиштето и Правилникот за видовите и начинот на изрекување на педагошки мерки.

ВД Директор
Цветанка Ѓакова Панова